**ЗАПИСНИК**
**од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 02.06.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Арбен Саити, Маја Дамевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.05.2021 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.05.2021 година.
3. Предлог за изрекување мерка на ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ од с.Чегране-Гостивар за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка на ТОТАЛ ТВ ДОО од Скопје за прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ.
5. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за уплата на средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар.
6. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
7. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка-услуга: Обновување на сертификатот ISO 9001:2015 стандард за управување со квалитет.
8. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на стока, за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.05.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.05.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3 и 4**

Г-дин Трајчевски објасни дека кај операторот ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ од с.Чегране-Гостивар, при редовен програмски надзор е констатирано реемитување на програмски сервис ТВ ТЕРА кој не е опфатен со потврдата издадена од Агенцијата. Во однос на четвртата точка рече дека кај ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје минатата година е направен надзор над обврската да ги реемитува сервисите на јавниот сервис, и изречени се мерка јавна опомена и прекршочна пријава. Оваа година повторно е направен редовен надзор, каналите што минатата година не ги реемитувал „МРТ2", „МРТ3", „МРТ4" и „МРТ5", што е спротивно на член 143 став 3 од ЗААВМУ, повторно не ги реемитува. Објасни дека и за двата оператора, бидејќи прекршокот им е прв во тековната година, се предлага да се изрече мерка јавна опомена, ДРИМ САТ ИПТВ да го исклучи каналот кој што го реемитува без потврда за регистрација, додека ТОТАЛ ТВ да ги вклучи каналите на јавниот сервис кои не ги реемитува, и потоа ќе се направи контролен надзор за да се провери дали постапиле по изречената јавна опомена од страна на Советот на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со четвртата точка од Дневниот ред предложи директорот да разговара со некој од одговорните лица од ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, да се види дали е ова техничка грешка или станува збор за несериозност. Напомена дека програмите на јавниот сервис мора да се реемитуваат.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2085/1 од 28.05.2021 година и едногласно заклучи на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштвото за телекомуникации и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за телекомуникации и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Берово, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „ТВ ТЕРА" кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските

сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2096/1 од 28.05.2021 година и едногласно заклучи на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на РС Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ2“, „МРТ3“, „МРТ4“ и „МРТ5“, што е спротивно на член 143 став 3 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за одобрување средства за пристап на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, објасни дека се работи за износ од 50.000,00 денари и за единствен понудувач на пазарот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2083/2 од 02.06.2021 година и едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за уплата на средства заради овозможување пристап на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до

податоците на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, во износ од 50.000,00 денари.

Средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски објасни дека со измената на Правилникот бруто плати и други надоместоци на Агенцијата нема измени во делот кој се однесува на финансиските реперкусии, што значи дека бројот на бодовите и работните места останува, туку дека се подобрува описот, односно квалитетот на Правилникот заради усогласување со законската регулатива, како и усогласување со ваквите акти што ги имаат другите институции во државата. Посочи дека измената е тоа што наместо „Сложеност и одговорност на работното место и квалитет на извршување на работата" зборовите „квалитет на извршување на работата" се бришат и останува само „Сложеност и одговорност на работното место".

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски, бр.01-2150/1 од 01.06.2021 година и едногласно донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски во врска со предложената точка објасни дека по спроведена електронска аукција и по конечното рангирање на понудите, најниската понуда од трите оператори изнесува 197,800.00 денари, без ДДВ, која за износ од 47,800.00денари го надминува износот на средствата од 150,000.00денари, без ДДВ, кои за таа намена се предвидени во Годишниот план за јавни набавки за 2021 година. Со оглед на тоа што имаше конкуренција и што таа иста понуда е за 47,800.00 денари повисока од средствата што се предвидени со и Финансискиот план и со Планот за јавни набавки на Агенцијата, смета дека со повторување на повикот само ќе се изгуби на време, и од тие причини предлага да се дообезбедат 47,800.00денари за да може да се продолжи постапката и да се реализира оваа јавна набавка.

Г-дин Трајчев посочи дека не ги работел јавните набавки, и од тие причини праша дали Советот смее во тек на започната постапка да менува износ на сума, дали е тоа дозволено?

Г-дин Петрушевски одговори дека тоа е дозволено, дека се случувало и во Град Скопје. Се случува да се промаши проценетата вредност и таа да биде поголема. Не се работи за дупло или трипати поголема сума, туку за негде отприлика 20-30%. Објасни дека во ваквите случаеви Секторот проценува дали е тоа реално, а потоа сепак да не остане на Комисијата или на Секторот кој ја започнал набавката, дополнителна контрола е раководниот орган, во случајот на град Скопје градоначалникот кој ја носи конечната одлука. Во случај да не се одобрат средствата, тогаш се поништува набавката со условот дека е надмината проценетата вредност. Рече дека во овој случај, Комисијата препорачала, директорот се сложил, а Советот да одобри, бидејќи се работи

за промена на износ. Неговиот став е да се одобри, бидејќи не се работи за вкупно голема сума, претпоставувајќи дека економските оператори кои се пријавиле веќе пресметале дека не можат да ја намалат повеќе понудената сума. Посочи дека спрема работата што е дефинирано, сепак се работи за детална анализа на сите работни места во Агенцијата, и тоа е процес кој трае подолг период. Уште еднаш рече дека за него предлогот е оправдан, се случувало и во други институции и дозволено е.

Г-дин Трајчевски потсети дека вакви ситуации или случаи немало многу во минатото, можеби две или три во последните 6-7 години, бидејќи се многу ретки можеби и затоа не се сеќава Советот. Посочи дека и да не се согласи Советот со денешниот предлог, следната набавка нема да се објави со 150,000.00 денари, бидејќи се покажува дека таа цена е прениска, ќе се бара промена на Планот за јавни набавки, за да се усогласат со цените кои што се актуелни на пазарот. Во таа ситуација само ќе се изгуби дополнително време, бидејќи аукцијата покажа дека пониско од понудената цена не оди ниеден од економските оператори што можат да ја дадат таа услуга.

Г-дин Фиданоски рече дека внимателно ги слушал излагањата и постави прашање во однос на тоа дека нема пречки Советот да ја донесе оваа измена и да се одобри предлогот?

Г-дин Петрушевски одговори дека не постојат законски пречки, и дека од негово лично искуство, вакви ситуации се случувале, не многу често, и дека проценката ја носат заедно Комисијата, Секторот и раководното лице.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1624/7 од 01.06.2021 година и едногласно даде одобрување за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка-услуга: Обновување на сертификатот ISO 9001:2015 стандард за управување со квалитет.

Советот ја прифати Одлука за изменување на Одлуката за потреба од јавна набавка бр.05-1624/1 од 13.04.2021 година и дообезбедување средства – Обновување на сертификатот ISO 9001:2015 стандард за управување со квалитет, за период од 3 (три) години, каде наместо 150,000.00 денари, се предвидени 197.800,00 денари, односно зборовите „Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка изнесуваат 150,000.00 денари, без вклучен ДДВ.", се заменуваат со зборовите: „Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка, изнесуваат 197,800,00 денари, без вклучен ДДВ." Во останатите одредби, Одлуката за јавна набавка бр.05-1624/1 од 13.04.2021 година, останува неизменета.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски рече дека сите вработени се вратиле целосно со работа во просториите на Агенцијата, и за да се обезбеди заштита од евентуално пренесување на Ковид вирусот, недостасуваат дополнителен број на паравани кои треба да се набават. Од тие причини е предвидена оваа набавка.

Г-дин Трајчев рече дека нема да навлегува во потребата за оваа набавка бидејќи е сигурен дека е неопходна, меѓутоа реагира на начинот како се предлагаат овие

работи. Потсети дека и претходно реагирале и многу пати кажале дека Советот не гласа за правно лице, туку само утврдува сума и потреба.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска рече дека секако станува збор за износ на сума која што се одобрува без да се спроведе постапка за јавна набавка. Рече дека тоа што е ставено името на правниот субјект, доколку смета, може да се коригира.

Г-дин Трајчев посочи дека во самиот предлог стои „Советот да го прифати Предлогот...“, „..да даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на паравани од плексиглас, според доставената доставена понуда од Друштвото за трговија...“. Рече дека не е во ред вака да се предлагаат одлуките, дека многу пати укажал на тоа и побара пред да се гласа да се коригираат документите.

Г-дин Трајчевски објасни дека во овој случај има само една понуда од причина што се брзало за да се вратат вработените на работа. Во принцип се бараат повеќе понуди, и да не се цитира понудата, таа е една и единствена која е пристигната.

Г-дин Петрушевски рече дека во предлогот на одлуката, во насловот на материјалите не стои името на фирмата, само пишува онака како што бара и г-дин Трајчев, но на крај во одлуката нема да го пишува називот на фирмата, бидејќи Советот така ќе ја гласа.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2102/2 од 01.06.2021 година и едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на паравани од плексиглас, во износ од 51,653.00денари, без пресметан ДДВ.

Горенаведените средства се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година

**Точка 8**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-2144/8
10.06**2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**